РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02 - 1571 / 1
10.09.2026
СКОПЈЕ

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

---

Согласно член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје (Универзитетски гласник бр. 422 од 5.11.2018 година) и одлуките на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа за ангажирање на демонстратори во учебната 2026/2027 година, деканот на Економскиот факултет – Скопје, го распишува следниот интерен:

# О Г Л А С

за ангажирање демонстратори на Економскиот факултет - Скопје
во учебната 2026/2027 година

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје, распишува оглас за ангажирање на:

- еден демонстратор на Катедрата по е-бизнис
- еден демонстратор на Катедрата по маркетинг
- еден демонстратор на Катедрата по менаџмент
- еден демонстратор на Катедрата по математика и статистика

За демонстратор, може да биде избрано лице кое ќе има статус на студент на втор или трет циклус студии во учебната 2026/2027 година од соодветната студиска програма и кое првиот циклус студии го завршило со просечна оценка најмалку 8,00 (осум) и притоа остварил најмалку 240 ЕКТС кредити. Кандидатот за демонстратор треба да има истакнато етичко поведение и однесување, односно на истиот да не му е изречена дисциплинска мерка во текот на студирањето.

Кандидатите ќе можат да се пријават во рамки на овој оглас во периодот од 14 до 18 септември 2026 година, секој работен ден до 15:30 часот. Документите поднесени по овој рок, нема да бидат земени предвид.

Демонстраторот се ангажира заради реализирање на вежби. Во рамките на ангажманот демонстарторот ќе извршува и административни активности.

За реализираните активности на демонстраторот ќе му се исплатува паричен надоместок согласно актите на Факултетот.

Заинтересираните кандидати потребно е до архивата на Факултетот, во затворен коверт да ги доставаат следните документи: пријава за учество со наведување на соодветната катедра за која што се пријавува, уверение за завршен прв циклус студии, копија од индексот или друг документ од кој може да се докаже статусот на студент на втор односно трет циклус студии, потврда дека кандидатот ќе има статус на студент во учебната 2026/2027 година, како и лична изјава дека не му е изречена дисциплинска мерка во текот на студирањето.

Изборот на демонстратор, на предлог на рецензентска комисија го врши Наставно-научниот совет.

Со избраните кандидати ќе се склучат договори за нивно ангажирање во учебната 2026/2027 година.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Мијалче Санта**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

✓ DIGITALLY SIGNED
Mijalche Santa
Мијалче Санта
KIBS Qualified Certificate
2026.09.10